| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Патот на четирите годишни времиња |
| **Содржина на денот** | Сказна за годишните времиња |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Бојана Алексоска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема-како треба соодветно да се облекуваме според годишното време за да го сочуваме сопственото здравје. |
| **Активности** | За да добиете сознанија коку децата може да препознаат карактеристики на одредено годишно време понудете им ја играта од предходниот ден (видете активност од 2-3 години од понеделник 07.12.2020). Потоа заедно со децата направете куклен театар кој сами ќе го изработите од картонски кутии и ќе изработите кукли на стапчиња со мотиви од различни годишни времиња. Создајте сами приказна на истата тема. Мотивирајте  ги децата да ве слушаат внимателно. Користете едноставни зборови и описи за да го задржите нивното внимание. Потоа сменете ги улогите. Вие слушајте, а тие нека создадат своја приказна со куклите на стапчиња кои ги изработивте. Поттикнувајте го говорот на децата,поддржете ги и охрабрете ги  во иницијативата што ја превземаат. |